ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 04.06.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Информација во врска со имплементацијата на нов електронски систем за обработка и наплата на фактури, со акцент на електронското плаќање на истите, како новина во самиот систем.

Задолжение за подготовка на парични награди за 50 и 100 дарувања на крв, кои да бидат доделени на 18.06.2018 година на Прославата за крводарителите, која што ќе биде организирана во соработка помеѓу Опшптина Крива Паланка и Црвениот Крст.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со третирањето и постапувањето по поднесени барања од граѓаните во врска со појава на свлечишта, потреба од изградба на потпорни ѕидови, увиди на лице место и други градежни активности.

Информација во врска со активностите поврзани со крпење на ударни дупки и улиците каде што овие активности се целосно завршени.

Информација во врска со активностите поврзани со санацијата на земјени патишта и селата каде што овие активности се веќе завршени.

Информација во врска со поднесената проектна апликација во Министерството за животна средина (с.Луке).

Задолжение за подготовка на комплетната проектна документација поврзана со проектот за нов градски плоштад, со напомена за крајниот рок за поднесување на истата, кој што истекува на 06.08.2018 година и задолжение за организирање, свикување и одржување на јавна расправа најдоцна до крајот на месец Јуни 2018 година.

Информација во врска со спроведените постапки за јавни набавки, согласно потребите на ова одделение, исходот од истите и тековно постапување и договарање со избраните оператори.

Задолжение за изградба на потпорни ѕидови на улица „8-ми Октомври", улица „Ристена Гогова" и во Скрљава, м.в.Цонев Рид, за која цел да се обезбеди логистика во материјали и контрола од страна на Општината, а работната рака да биде обезбедена од страна на месното население кое што гравитира на горенаведените улици, на кои ќе се вршат соодветните градежни активности.

Задолжение за целосно асфалтирање на улиците „8-ми Октомври" и „Херој Карпош".

Задолжение за изнаоѓање соодветно решение на состојбата со патот кој води до градските гробишта во с.Конопница, со посебен акцент за итно изготвување на инфраструктурен проект, најдоцна во рок од 3 месеци, по кое би се отпочнало со активности за санација и тековно одржување на патот.

Задолжение за итна проверка дали се планирани програмски средства за изработка на ДУП и доколку се предвидени средства во буџетот за оваа намена, веднаш да се пристапи кон распишување на постапка за јавна набавка за избор на фирма за изработка на ДУП.

Задолжение за стапување во контакт и ажурирање на определени информации со ЈПДП И UNDP, а во врска со потребата од санација на постоечките свлечишта на локалниот пак с.Дурачка Река – с.Станци – с.Дренак.

Задолжение за повлекување на определена бројка на канделабри кои ќе бидат отстранети од граничниот премин Деве Баир и нивно искористување за потребите на Општината, таму каде што има неопходна потреба од истите.

Задолжение за подготовка на листа на целокупната техничка документација која што би била потребна за подготовка на било која проектна апликација и проект.

Задолжение за поднесување на барање до ЈПДП за издавање на одобрение за изградба на мост на Огутска Река во с.Огут, како и барање до Владата на РМ за прекатегоризација на патот Дубје – Лисец.

Задолжение за подготовка на допис до Министерството за транспорт и врски за проектите за водомери.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со активностите околу поставувањето и обележувањето на хоризонтална сообраќајна сигнализација, со нотирање на определени насоки за поефикасно и поекономично спроведување на овие активности во иднина.

Информација во врска со активностите околу реконструкцијата на општинските сали, со задолжение за попишување на материјалот кој што е отстранет и негово искористување во определени Месни Заедници или според определени потреби на граѓаните, а по претходно нивно барање.

Задолжение за испраќање на итен допис до ЗЕЛС и до МВР заради расчистување на постојната состојба при која граѓаните кои аплицираат за издавање на лични документи во ПС од ОН Крива Паланка (лична карта или патна исправа) се приморани да доставуваат Имотни листови за доказ на адресата на живеење, наместо досегашните потврди кои ги издаваше Општината преку своите служби.

Задолжение за подготовка на листа на потенцијални локалитети кои можат да се третираат како природни споменици и потенцијални туристички атракции.

Задолжение за отпочнување на постапката за поставување на тартан (атлетска) патека на градскиот стадион во Крива Паланка.

Задолжение за изработка на проект за Пазар, најдоцна до крајот на месец Јуни 2018 година.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со постапката за спроведување на полугодишни интервјуа на вработените во Општината и исходот од истата.

Информација во врска со формирањето на работна група која ќе има за цел спроведување на функционална анализа во самата Општина, а од аспект на внатрешната организација.

Информација во врска со подготовката на Правилникот за систематизација на работните места на вработените во Општина Крива Паланка.

Задолжение за подготовка на Одлука за доделување на признанија и награди за печесен граѓанин на Општината за наредната седница на Советот на Општината предвидена за 25.06.2018 година.

Информација во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со одржаната традиционална манифестација „Цип Пели“ на ден 24.05.2018 година.

Информација во врска со одобрен проект преку МТСП за извршување на јавни работи и уредување на јавни површина за 12 лица кои ќе бидат ангажирани преку овој проект.

Информација во врска со претстојната работилница поврзана со проектот за народни традиционални носии, која ќе биде одржана на 06.06.2018 година, како и ревијата на народни носии предвидена за 07.07.2018 година.

Задолжение за свикување и одржување на состанок на 04.06.2018 година во врска со организирањето на Кривопаланечко културно лето, со дефинирање на агендата и календарот на активности поврзани со истото.

Информација во врска со организацијата на работилница за стопанствениците од подрачјето на Општина Крива Паланка, поддржана и модерирана од страна на Стопанската Комора на република Македонија на ден 07.06.2018 година.

Задолжение за изготвување на Решенија за формирање на организациони одбори за меѓународниот фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски – Крива Паланка“ и Театарскиот фестивал.

Информација во врска со поставувањето на wi-fi зони и задолжение за изготвување и поставување на ИНФО табли за истите.

**Одделение за правни и општи работи**

Задолжение за организирање, закажување и подготовка на материјали за седница на Советот на Општината за ден 25.06.2018 година, со напомена дека сите материјали да бидат готови најдоцна до 15.06.2018 година.

Задолжение за подготовка на Одлука за именување на член на УО на ЈП Комуналец на наредната седница на Советот (25.06.2018 година).

Задолжение за подготовка на Одлука за повлекување на апликација.

Задолжение за подготовка на Одлука за распишување на јавен повик за доделување на училиштето и караулата во с.Огут на стопанисување на определени субјекти и јавен повик за избор на најповолен понудувач за стопанисување со Градскиот Базен и урбаната опрема на влезот од Градскиот Парк.

Задолжение за подготовка на тендерската документација за гасифицирање.

Задолжение за ангажирање на комуналните редари, возачите и доставната служба за достава на Решенијата за даноци на имот за 2018 година.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени активности за расчистување од порои на територијата на Општина Крива Паланка.

Информација во врска со активностите поврзани со заловувањето на кучиња скитници од улиците во Крива Паланка и нивно сместување во соодветен стационар на понатамошно третирање.

Информација во врска со преполнетост на цевките од фекалната канализација со материјал долж пешачката патека и опасноста од излевање на истиот на самата патека и на зелената површина покрај патеката, со акцент за итно постапување за санација и спречување на поголема еколошка катастрофа.

Задолжение за сеча на искршеното стебло во Градскиот Парк и засадување на две нови дрвја на тоа место.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со барањето од ЈПДП за обезбедување на скип машина за непречено спроведување на активностите околу асфалтирањето на улица „Партизанска“.

Задолжение за распишување на постапка за јавна набавка за цевки и црева.

Информација во врска со затрупана шахта во Бегови Бавчи и неопходна потреба од санација на истата.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со поставките во ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка.

Информација во врска со потребата од пополнување на Прашалник од Министерството за култура за оправданоста од функционирање на Градскиот Музеј.

Информација во врска со подготовката на Извештај за спроведениот проект со мировниот корпус.

Проект со Норвешката Амбасада.

Информација во врска со остварениот контакт со Кинеската Амбасада по повед проектот Патот на свилата.

Информација во врска со изготвувањето на Правилник за откуп на авторски дела од локални автори.

Информација во врска со тековни трошоци и финансиски обврски на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка.

**Разно**

Задолжение за регистрација во КИБС на ВД Директорот на ЈП Калин Камен - Крива Паланка Блаже Максимовски.

Задолжение за подготовка на измени и дополнувања на Статутот на ЈП Калин Камен - Крива Паланка, со цел негово усогласување со постоечката законска регулатива и прилики.

Задолжение за последни проверки и корекции на Предлог - Колективниот договор за вработените во Општина Крива Паланка пред неговото официјално потпишување.

Задолжение за свикување на итен состанок со Претседателите на Месните Заедници и дискутирање за тековните прашања и проблеми со кои истите се соочуваат.

Задолжение за интервентна набавка на определена бројка на катанци за заклучување на ормарите на сите Трансформатори на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**04.06.2018 година, Крива Паланка**